# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

## Член 1

Во Законот за акцизите (,,Службен весник на Република Македонија" број 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09 и 34/2010 ), во член 31, ставот (2), се менува и гласи:
„(2) На минералните масла кои содржат материи за обележување согласно член 30 став (1) од овој закон не е дозволено да се отстрани средството за обележување, да се намали неговата концентрација или да се додаваат состојки кои ќе оневозможат утврдување на обележувањето. “

По ставот (2), додаваат два нови (3) и (4), кои гласат:
„(3) Минералните масла кои содржат материи за обележување согласно член 30 став 1 од овој закон не е дозволено да се користат за погон на моторни возила или за други намени освен како гориво за греење.
(4) Ако при надзор на моторни возила се утврди дека се користат минералните масла кои содржат материи за обележување, на сопственикот на моторното возило, акцизата се пресметува на количествата кои одговараат на зафатнината на резервоарот за погонско гориво зголемена за сто пати. "

## Член 2

Во член 61 ставот (1), се менува и гласи:
“(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице, ако:
1) акцизната дозвола ја пренесе на друго лице (член 8 став (3));
2) не ги исполнува обврските од членот 9 став (1) на овој закон;
3) не ги исполнува обврските од членот 11 ставови (1) до (5) на овој закон;
4) не издаде акцизен документ при транспорт на акцизни добра и не издаде акцизен документ (член 12 ставови (1) и (3)) ;
5) добрата подлежни на акциза не се пренесат во друг акцизен склад во пропишаниот рок (член 13 став (3)) ;
6) не поднесе акцизна пријава и не ја плати акцизата во пропишаниот рок (член 16 ставови од (1) до (5));
7) одобрението за акцизно-повластено користење го пренесе на друго лице (член 21 став (3));
8) не ги исполнува обврските од членот 22 став (1) на овој закон;
9) отуѓи акцизни добра ослободени од акциза (член 24 став (2));
10) не ги обележи гасните масла и керозинот со пропишаната боја и/или други состојки и ако складирањето не го организира на пропишаниот начин (член 30 ставови (1) и (3));
11) минералните масла кои содржат материи за обележување се користат како погонско гориво (член 31 став (1));
12) соодветно не го определи предметот на оданочување согласно со членовите 27, 35 и 41 од овој закон ;
13) на минералните масла кои содржат материи за обележување се отстрани средството за обележување, се намали неговата концентрација или се додадат состојки кои ќе оневозможат утврдување на обележувањето (член 31 став (2));
14) како сопственик на моторно возило во резервоарот на моторното возило како погонско гориво користи минерални масла кои содржат материи за обележување (член 31 став (3));
15) не води и неточно води евиденција (член 52 ставови (1) и (2)) ;
16) не издава фактура, односно друг документ за испорака на акцизни добра (член

53) и
17) фактурите и другите документи и деловните книги не ги чува во пропишаниот рок (член 54) “.

Во ставот (2) зборовите „точка 11“ се заменуваат со зборовите „точки 11 и 14“.
Ставот (3) се менува и гласи:
„(3) За повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член во рок од две години на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 30 дена, на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три до 15 дена, а на физичкото лице-даночен обврзник забрана на вршење на дејност во траење од три до 15 дена. “.

Член 3

По членот 61 се додава нов член 61-а кој гласи:

“Член 61-а
“(1) Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на даночниот обврзник-правно лице, ако:
1) меѓупроизводите и етил-алкохолот кои ги пушта во акцизно слободен правен промет на акцизната територија не ги обележи со контролна марка и не ја залепи на амбалажата која при отварањето мора да се оштети (член 37 ставови (3) и (4));
2) долгот за контролни марки не го плаќа во пропишаните рокови (членови 38 и 45);
3) производителот, односно увозникот не ја пријави и не ја објави малопродажната цена на тутунските добра (член 43 став (4));
4) тутунските добра кои ги пушта во акцизно слободен правен промет на акцизната територија не ги обележи со контролна марка и не ја залепи на амбалажата под целофанската и друга хартија која при отварањето мора да се оштети (член 44 ставови (3) и (4));
5) во малопродажните пакувања се пакуваат и други предмети освен тутунски добра (член 49 став (2));
6) трговецот не ги чува малопродажните пакувања затворени и ги оштетува контролните марки (член 50);
7) пушти во промет тутунски добра над пријавената и објавената малопродажна цена (член 51 став (1)) и
8) неуредно води евиденција (член 52 ставови (1) и (2)) ;

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и на физичкото лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.
(3) За повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член во рок од две години на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од три до 30 дена, на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од три до 15 дена, а на физичкото лице-даночен обврзник забрана на вршење на дејност во траење од три до 15 дена. “.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.